401	Основни плати	8.438.460	0	16.361.269	0	0	24.799.729
402	Придонеси за социјално осигурување	3.408.840	0	6.051.334	0	0	9.460.174
404	Надоместоци	1.493.384	0	0	0	0	1.493.384
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**1.122.009**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.122.009**
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	1.020.008	0	0	0	0	1.020.008
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	102.001	0	0	0	0	102.001
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**36.423.539**	**163.200**	**2.788.537**	**1.583.627**	**0**	**40.958.903**
420	Патни и дневни расходи	405.962	0	0	167.867	0	573.829
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	6.104.822	15.300	1.721.760	11.220	0	7.853.102
423	Материјали и ситен инвентар	5.398.860	107.100	183.600	62.730	0	5.752.290
424	Поправки и тековно одржување	7.722.420	30.600	117.300	189.210	0	8.059.530
425	Договорни услуги	9.777.720	10.200	709.777	1.071.000	0	11.568.697
426	Други тековни расходи	2.767.263	0	56.100	81.600	0	2.904.963
427	Привремени вработувања	4.246.492	0	0	0	0	4.246.492
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**51.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**51.000**
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	51.000	0	0	0	0	51.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**10.614.916**	**0**	**0**	**0**	**4.328.370**	**14.943.286**
463	Трансфери до невладини организации	3.260.716	0	0	0	0	3.260.716
464	Разни трансфери	7.354.200	0	0	0	4.328.370	11.682.570
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**346.800**	**0**	**0**	**0**	**0**	**346.800**
471	Социјални надоместоци	346.800	0	0	0	0	346.800
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**79.204.020**	**20.400**	**51.000**	**13.255.920**	**0**	**92.531.340**
480	Купување на опрема и машини	244.800	20.400	0	11.623.920	0	11.889.120
482	Други градежни објекти	75.889.020	0	0	1.632.000	0	77.521.020
483	Купување на мебел	0	0	51.000	0	0	51.000
485	Вложувања и нефинансиски средства	1.030.200	0	0	0	0	1.030.200
486	Купување на возила	2.040.000	0	0	0	0	2.040.000
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**1.132.200**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.132.200**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	1.132.200	0	0	0	0	1.132.200
492	Отплата на главнина кон домашни институции	0	0	0	0	0	0

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2018 година

1. Објавувам Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/2
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член член 36, став 1 точка 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 05/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 61/04, 96/04 , 67/07, 156/09,47/11, 192/15) и член 21 став 1 точка 4 и член 46 од Статутот на Општината („Службен гласник на Општината Новаци“ бр. 05/02), Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за извршување на Буџетот на Општината за 2018 година

Член 1

Буџетот на Општината Новаци за 2018 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет (Општ дел, Посебен дел и Развоен дел), Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации, Буџет на наменски и блок дотации и Буџет на кредити.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Член 7

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година, како и одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџетот не може да се зголемат со Одлука за прераспределба повеќе од 10 %

Член 8

Локалните јавни установи во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Локалните јавни установи по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Општинските локалните јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначлникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Член 11

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1(еден) месец по завршување на кварталот.

Член 12

Месечниот надоместок на членовите на Советот на општина Новаци за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Член 13

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат за:

-Коефициентот за градоначалник изнесува 2,7, а основицата изнесува 26,755 денари.

За вработените во општинската администрација:

- За државните службеници вредноста на бодот изнесува 76,8
- За останатите вработени во општинската администрација кои земаат плата согласно Закон и Колективен договор:

вредноста на бодот изнесува 72,32 денари

помножено со содветен коефициент за оделни степени на сложеност согласно колективниот договор за државните,правосудните и органите на локална самоуправа на Република Македонија и Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници.

Вредноста на бодот се определува врз основа на најниската основица за пресметување и плаќање на придонеси поделено со најнискиот број на бодови по работник согласно Правилникот за определување на плата на вработените во општинската администрација на општина Новаци кои немаат статус на државни службеници.

- за вработените во локалните јавни установи согласно Закон и Колективен договор

Член 14

Исплатата на платите на локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата и образец 6.

Член 15

На вработените им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата..

Член 16

Надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, без трошоците за ноќевање, изнесува 800,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Доколку во агендата стојат платени трошоци за храна, се исплатува 20% од дневницата.

Член 17

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 18

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни просечни месечни нето плати во органот каде бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна устаанова во случај на смрт на член во потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен но не повеќе од 15.000,00 по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локлната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација. Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во подпрограмата ДО градоначалник подставка 413110 тековни резерви /разновидни расходи/.

Член 19

Отпремнината при заминување во пензиија на вработениот во општината и локлната јавна установа е во висина на двократен износ од платата исплатена во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во ставката 464940- Трансфери при пензионирање во подпрограмата ДО- Градоначалник.

Член 20

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на локалните јавни установи се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 21

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи во износ, но не поголем износ од 3% од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

Член 22

По барање за помош од физички и правни лица , градоначалникот можи да врши исплата до износ од 10.000,00 денари, од Програма Д 0.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 24

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансират со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за Финанси, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи, со содветна пропратна документација.

Член 25

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 26

Буџетот на Општината Новаци се извршува од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

Член 27

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за утврдување на вредност на бодот
за платите на државните службеници за 2018 година

1. Објавувам Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/3
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), а во согласност сочлен 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за платите

на државните службеници за 2018 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2018 година изнесува **76,8** денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Новаци„

Бр.14-876/6
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис

1. Објавувам Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/4
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 51 став 2, а во врска со член 25 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на Претседател и членови на Комисијата за попис

I.

Се избира Претседател и членови на Комисијата за попис при Советот на Општина Новаци и тоа:

1. Петровски Благоја за Претседател
2. Ристевски Игорче-за член
3. Николовски Благојче- за член

II.

Задача на Комисијата за попис е да извршат попис на основните средства и ситниот инвентар во сопственост на Општина Новаци.

Работите од став 1 на овој член да се извршат со состојба на 31.12.2017 година.

III.

Мандатот на членовите на Комисијата за попис е до завршувањето на работите од точка **II.** на ова решение.

IV.

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-876/7
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за формирање на Комисија
за заштита на правата на пациентите

1. Објавувам Решение за формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/5 ОпштинаНоваци
27.12.2017 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 38 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност со член 39 од Законот за заштита правата на пациентите(Сл.весник на РМ бр 82/2008, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната:

Р Е Ш Е Н И Е

За формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите

1.СЕ ФОРМИРА Комисија за заштита на правата на пациентите

-Александар Канзуровски- совет
-Стефан Каранфиловски-совет
-Наумче Смилевски-совет
-Иванчо Котевски-совет
-Ангела Ристевска-пациент
-Емилија Милошевска-пациент
-Пеце Велјановски-НО
-Александар Вајдевски-НО
-Ана Шурбевска-НО

2.Комисијата, за подрачјето на општината за која е формирана, ги врши следниве работи:

1) унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;

2) ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;

3) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;

4) соработува со надлежните органи;

5) разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи; 6) бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;

7) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;

8) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината, односно градот Скопје;

9) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и

10) врши и други работи пропишани со овој закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на рабо

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Новаци.

Бр.14-876/8 Совет на општина Новаци
22.12.2017год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување О д л у к а За давање СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2016 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др.

1. Објавувам О д л у к а За давање СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2016 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др., донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/6
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 22.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А

За давање СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2016 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др.

Член 1

Советот на Општина Новаци дава СОГЛАСНОСТ на доставени извештаи на искористени средства за 2016 година на здруженија на граѓани, спортски, технички и научни друштва, наменски дотаци за културно-уметнички манифестации и др. : бр.15-55/3 од 01.03.2017 год, 08-31/6 од од 10.04.2017 год, 08-91/2 од 13.02.2017 год, 08-206/2 од 03.03.2017 год, 08-140/2 од 03.05.2017 год, 08-97/4 од 13.03.2017 год, 08-521/2 од 23.06.2017 год, 15-110/2 од 01.02.2017 год, 08-180/2 од 20.02.2017 год, 08-372/3 од 05.05.2017 год, 08-492/2 од 12.06.2017 год, 08-326/3 од 18.04.2017 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-876/9
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/7
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 т. 9 и член 36 став 1т. 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ,,бр..5/2002),чл. 15 став 1 т 7 и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци,,бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 22-12-2017г. донесе

ПРОГРАМА

за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2018 година

Вовед

Општините се носители на социјалната заштита која се утврдува како дејност од јавен интерес.Тоа се дефинира како систем од мерки, активности и политики за спречување и надминување на основноте социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и јакнење на неговиот капацитет за сопствената заштита.

Владата на Р.Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните и во согласност со оваа програма општината Новаци донесува Програма за потребите на нејзините граѓани од областа на социјалната заштита. Општина Новаци со своја одлука во согласност со своите матерјални можности ја утврдува својата програма за социјална заштита и овозможува поволни услови за нејзино остварување.

Според новиот закон за соц.заштита донесен во јуни 2009 год. во делот на социјалните услуги се овозможува:

-обезбедување на развој на воништитуционални социјални услуги со воведување на право на самостојно живеење со подршка и основање на мали групни домови.

-продолжување на процесот на децентрализација со давање на можност општините да воведат и други права од соц. заштита како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на соц.заштита.

-постои потреба да се работи на развивање на мрежата на соц.услуги на локално ниво ,преку зајакната соработка меѓу релевантните локални институции и организации како и врз основа на реална и објективна проценка на потребите на локалното население.

- во Законот за соц.заштита постојат одредби со кои е овозможено партнерство меѓу државниот и приватниот сектор.

Програмата се изготвува со цел да се развие системот на соц.заштита во општина Новаци. Со оваа програма советот на Општина Новаци има за цел поедини категории на семејства да добијат соодветен третман и заштита од социјален ризик, совладување на социјалните ризици како и со девијантните појави и однесувања.

Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма

Основни социјални ризици на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Категории на лица кои ќидат опфатени со ова програма кога ге се најдат во исклучително тешка состојба се:

- лица со телесна попреченост
- деца на улица((деца без родители и родителска грижа)
- деца со посебни потреби
- деца со воспитно социјални проблеми
- деца со еднородителски семејства
- лица изложени на социјален ризик
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол
- стари лица без семејна грижа
- лица со здраствени проблеми
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба

Цели на програмата

-Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво

-Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните.

-Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.

-Подржување на започнатите процеси на децентрализација и деинституционализација во социјалната заштита

-Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Новаци,со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општина Новаци за 2018 година:

Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

В. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност.

ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или друг начин загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош,а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2018 година.

2.Мерки

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција,за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето,а по дадено позитивно мислење од страна на Градоначалникот и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Новаци.

3.Носител

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2018 година, ќе се спроведува од страна на Општина Новаци преку надлежните одделенија, а по претходно позитивно мислење дадено страна на Градоначалникот и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Новаци.

4.Извори на средства

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2018 година (340 000,00)

Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население

Целта на оваа активност е преку организарање на акција за собирање на облека,храна и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Новаци, ќе бидат вклучени и јавните установи, невладини организации и здруженија.

В. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурсори и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Битола, со училиштата, здравствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

Визија на програмата-(приоритетни области)

- Зајакување на административните капацитети на општините преку формирање на одделенија за социјална заштита или посебни работни места, развивање на меѓуопштинската соработка преку формирање на заеднички административни тела, повремени или постојани заеднички работни тела и комисии.

- Зајакнување на соработката во реализација на социјалната заштита преку формирање на локални совети за социјална превенција, вработување и социјалнин услуги и воспоставување на механизми за нивна координација и соработка.

- Проширување на видот на договорени социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.

- Анализа на можностите за склучување на договори за вршење на социјални услуги на ЦСР и др. даватели на социјални услуги на локално ново.

- Спроведување анализа на просторните, техничките, кадровските капацитети на територијата на општината врз основа на кои ќе се предложат решенија за развој на социјалната заштита на општина Новаци.

- Зајакнување на социјалната превенција преку едукативно- советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на др.методи кои соодествуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

- Социјални услуги за вонинституционална заштита-сместување во групен дом и самостојно живеење со подршка. Предвидување на сретства за оспособување, опремување, реновирање на објекти за таа намена. Предлог: Дневен центар и клубови за стари лица и воздрасни лица,Центар за давање на помош во домашни услови,Народни кујни

- Развивање на форми на институционална и вонинституционална заштита како дневно и привремено згрижување, помош и нега во домашни услови и сл.

- Потикнување на проекти засновани на мрежна локална соработка меѓу општини, здруженија на граѓани, приватни бизниси и др.субјекти.

- Промовирање на волонтерска работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку системска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.

Финансирање

За реализацијата на програмата ќе се обезбедат потребни финансиски сретства од буџетот на општина Новаци во износ од 340.000,00 ,буџетот на Р.Македонија и донатори.

Финансиски средства за категори на граѓани:
-лица со телесна попреченост од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца на улица(деца без родители и родителска грижа) од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца со посебни потреби од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца со воспитно социјални проблеми од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-деца со еднородителски семејства од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-новородено дете 5.000,00 денари
-лица изложени на социјален ризик од 2.000,00 до 10.000,00 денари
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-стари лица без семејна грижа од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-лица со здраствени проблеми од 2.000,00 до 10.000,00 денари
-лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго од 2.000,00 до 10.000,00 денари

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Средствата ќе се уплаќаат на трансакциона сметка на граѓанинот.

Завршна одредба

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Програма За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/8
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 т. 6 и член 36 став 1т. 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр..5/2002),чл. 15 став 1 т 6 и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 22-12-2017г. донесе

ПРОГРАМА

За спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Новаци за 2018 година

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.

Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци од ставките:

Трансвер до спортски клубови 2 800 000 денари

Изградба на други објекти(спорт и рекреација) 1 600 000 денари

Средства во износ од 80 000 денари се предвидени за организирање на меморијален фудбслски турнир во мал фудбал Пеце Матичевски 2018

Средства во износ од 140 000 денари се предвидени за организирање на мегународен фудбалски турнир "ЛГ КУП НОВАЦИ 2018"

Средства во износ од 2 580 000 денари се предвидени за трансфер до спортски клубови и физички лица од областа на спортот

Спортските клубови треба да достават барање и програма за да можат да користат средства од буџетот на општина Новаци

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за култура,културни и други манифестации
на Општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Програма за култура,културни и други манифестации на Општина Новаци,за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/9
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 т. 5, од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр..5/2002), и чл. 15 став 1 т 5, и член 21 став 1 т. 11 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци,,бр.5/2002), Советот на Општина Новаци,на седницата одржана на 22-12-2017г. донесе

ПРОГРАМА

за култура,културни и други манифестации на Општина Новаци,

за 2018 година

I. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден,подинамичен и поквалитетен.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата:

1. Доближување на културата до сите граѓани.

- Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници, во културата и во културните случувања.

2. Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус накултурните потреби на младите.

- Земајќи ја во обзир перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувата и потребата по нови изразни средства, ќе се подржуваат експериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

III. КУЛТУРНИ ИДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО

- Во текот на 2018година ке се организираат следниве настани:

Театар

- Одржување на театарски работилници под менторство на професионален актер	-
- Аматерска театарска претстава за млади „...“со големата група	-
- Аматерска театарска претстава за деца во Општина	-

Новаци“ со малата група ,	
	-

Филм и мултимедија

- Снимање и промоција на документарен филм Новаци	-
- Работилници за фотографија и видео	-
- Изложба на фотографија од работилниците	
	-

Литература и творештво

-конкурс за раскази и литературни творби —-- издавање на збирка поезија и проза од млади автори од Општина Новаци	
пелагонски културно научни средби	
Издавање на весник	

Манифестации

Културно лето Новаци 2018 со предлог активности согласно конкурсот на Министерството за култура на РМ.	
- Концерти на класична музика со професионални музичари	-
- Изложба на ликовни уметници на Македонија и млади автори	-
- Професионални Теаратски претстави	-
- Концерти на етно групи	-
- Концерти на фолклорни друштва	-
- Меѓународна Книжевна манифестација	-
- Стенд ап комедија	-
- Креативни работилници	-
- Етно концерт во Градешница	-
- Етно свадба во с Новаци	-
Годишен концерт на КУД Новаци	
Набавка на опинци идр. Опрема за потребите на КУД Новаци Учество на концерти во Република Македонија и на меѓународни фестивали на КУД Новаци	
-	

ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ

Џип турнеја Мариово

Црковни манифестации

Други манифестации1

Одбележување на важни датуми и други активност

Активности за денот на Општина Новаци.	

ФЕСТИВАЛ НА КНИГАТА 23 АПРИЛ	
Озвучување тековни годишни активности	
Следење на важни датуми со можност за пригодно одбележување на светските денови.	
Еколошки работилници за неформална едукација на младите	
Фитнес програмски активности	
Новогодишна детска претстава	
Учество на домашни и меѓународни фестивали	
18.Заедничка концертна програма на КИК Новаци со „КУД Новаци„	

IV ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА КУЛТУРНИ, ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци, државни институции, спонзорства и донаци.:

Средства кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Новаци од следните ставки

1. Културни манифестации и творештво

* 100 000 денари договрни услуги

* 180 000 денари културни манифестации

* 500 000 печатење,копирање

2. 308 000 денари Културно лето –Новаци

3. 500 000 денари трансфери до здруженија

Здруженија на граѓани, невладини организации, верски заедници, физички лица треба да достават барање, програма за да можат да користат средства од буџетот на општина Новаци

Разгледувањето на барањата од здруженија на граѓани, невладини организаци, верски заедници, физички лица, ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

По завршувањето на проектите секој реализатор е должен до Советот на Општина Новаци да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Совет на Општина Новаци

Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства за престојување на гостите од Дуги Рад-Хрватска

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства за престојување на гостите од Дуги Рад-Хрватска, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/10
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на средства за престојување на гостите од Дуги Рад-Хрватска

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за престојување на гостите од Дуги Рад-Хрватска(хотелско сместување исхрана и други услуги.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-876/13
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација за 2018 година

1. Објавувам Одлука за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/11
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 12 од Законот за заштита на населението од заразни болести(„Службен весник на РМ бр.66/04„), а во согласност со член 36 , став 1, точка 15 и член 62 став 1 точка1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци (Сл.гласник на Општина Новаци бр.5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22-12-2017 година донесе

ОДЛУКА

за спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција
и Систематска дератизација за 2018 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВА спроведување на мерки на Превентивна дезинсекција и Систематска дератизација за 2018 година, како посебни мерки за заштита на населението од заразни болести

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-876/14
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драги Лаковски с.Новаци

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Драги Лаковски с.Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/12
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за доделување на еднократна парична помош на Драги Лаковски с.Новаци

Член 1

На Драги Лаковски с.Новаци , му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари,за лекување.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2017 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име:Драги Лаковски,

На Трансакциона сметка:500800003641464

ЕМБ:0910954410028

Депонент Стопанска банка АД-Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-876/15
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на Боксерски клуб Арена-Битола

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на Боксерски клуб Арена-Битола , донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/13 ОпштинаНоваци
27.12.2017 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на Боксерски клуб Арена-Битола

Член 1

На Боксерски клуб Арена-Битола му се одобруваат финансиски средства во износ од **20.000,00** денари:за набавка на опрема за натпреварување,закупнина на спортска сала, за автобуски превоз, котизација за учество и членарина,учество во регионална и национална лига

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се исплатат по достава на фактура, извод од банка за платени финансиски средства.

За искористените средства да се достави Извештај до општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-876/16 Совет на општина Новаци
22.12.2017год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување О д л у к а За давање согласност на Локален Ационен план за 2018 година, за еднакви можности на мажите и жените во општина Новаци

1. Објавувам О д л у к а За давање согласност на Локален Ационен план за 2018 година, за еднакви можности на мажите и жените во општина Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/14
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 22.12.2017 година, донесе

О Д Л У К А

За давање согласност на Локален Ационен план за 2018 година, за еднакви можности на мажите и жените во општина Новаци

Член 1

Советот на Општина Новаци дава СОГЛАСНОСТ на Локален Ационен план за 2018 година, за еднакви можности на мажите и жените во општина Новаци, (бр.14-873/2 од 22.12.2017 год,.

Член 2

Одлуката да се достави до Комисија за еднакви можности на мажите и жените општина Новаци.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-876/17
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2018 година

1. Објавувам Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/15
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22-12-2017 година донесе

ОДЛУКА

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, СПОРТСКИ, ТЕХНИЧКИ И НАУЧНИ ДРУШТВА, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ЗА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање за реализација на финансиски трансфери до здруженијата на граѓани, поединци, научни, спортски друштва и други организации од невладиниот сектор, наменски дотации и еднократни парични помошти на физички лица на подрачјето на Општината Новаци.

Член 2

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за трансфери до здруженија на граѓани, поединци и наменски дотации според член 1 ќе се распределуваат за следниве намени:

- Поддршка на Здруженија на граѓани и поединци на Проекти за природни ресурси во Општина Новаци;
- Поддршка на Здруженија на граѓани и поединци на Проекти од областа на локалниот економски развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот и младите, ресурсите на месните заедници, екологијата, половата еднаквост и др.;
- Поддршка на физички лица од категоријата на социјала и настрадани семејства од елементарни непогоди.

Член 3

Финансиската поддршка на погоре наведеното во член 2 е можна по доставено барање од барателите до Општината Новаци, доколку истите се регистрирани во надлежен суд на подрачјето на Општината Битола, додека за физичките лица по доставени потребни документи за нивниот статус од надлежните служби.

Член 4

Финансиската помош на наведените трансфери во член 2 алинеја 1, 2 и 3 се доделува до максимален износ од 3.000.000,00 ден. во зависност од извршената евалвација на доставените проекти од страна на соодветните Комисии на Советот на општина Новаци.

Член 5

Финансирањето од Буџетот на Општината Новаци на физички и правни лица се состои во еднократна парична помош за покривање на трошоци од областа на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др.

Средствата за покривање на трошоци од областа на здраство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др, кои се движат до максимален износ од 20.000,00 денари, со акт на Советот.

Средствата за покривање на трошоци од облас на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др, кои се движат до максимален износ до 10.000 денари, со акт од градоначалникот.

Барателите се должни да достават соодветен акт или потврда од надлежна институција.

Член 6

Еднократна парична помош ќе се доделува и на семејства настрадани од елементарни непогоди.

Помошта би се движела во зависност од причинетата штета и би се сведувала на две категории:

- Прва категорија А -50.000ден.(Во исклучително тешки случаи).
- Прва категорија Б -20.000ден.
- Втора категорија - 10.000 ден.

Составен дел на барањето би бил записникот од извршениот увид и проценетата штета на соодветна овластена институција или Комисија формирана од Советот.

Член 7

Средствата предвидени во Буџетот ги доделува Комисијата за финансии и буџет - Советот на Општината Новаци и Градоначалникот на Општината Новаци.

Член 8

Заинтересирани поединци, здруженија на граѓани, организации од невладиниот сектор и други асоцијации од Општината Новаци, можат да ги доставуваат барањата и да настапуваат преку заеднички проектни активности во соработка со општинската администрација и соодветните комисии при изработката на проекти.

Член 9

Корисниците на средствата се обврзни да поднесат Извештај за начинот на реализацијата на добиените средства

Член 10

Доколку брањата на подносителите не се поткрепени со потребната документација (програми и проекти и сл.) Комисијата-Советот, нема да ги разгледува.

Член 11

При распределбата на средствата за оваа намена од соодветните ставки на Буџетот на Општинта Новаци, се предлага комисиите при Советот на Општината Битола да се придржуваат на овие критериуми.

Член 12

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма Локален економски развој
на општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Програма Локален економски развој на општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/16
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и чле 21 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Новаци (службен гласник на општина Новаци бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на својата седница одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната

ПРОГРАМА

ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА НОВАЦИ за 2018 година

Локалниот економски развој како една од многуте законски надлежност ина локалната самоуправа во најголем дел зависи од навременото планирање во локалната самоуправа преку превземање на мерки и активности, форми и облици на одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од различни сектори од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел, постигнување на одржлив економски раст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и правните субјекти во заедницата.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредно учество од страна на јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество преку заднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничка визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнисите кои истовремено овозможуваат услови за зголемување на вработувањето

1. Изработка на проектна документација за аплицирање до министерства и ИПА фондови

2. Изработка на проекти за зштита на животната средина и аплицирање во сите невладини организации кои објавуваат потреба од вакви проекти

3. Учество за заеднички проекти во Пелагонискиот плански регион од областа на расчистување на отпадот како и други заеднички проекти

4. Учество во заедничи проекти во ИПА фондовите кои ќе почнат да се спроведуваат во 2017-2020 година особено за прекуграничната соработка со општини од соседни држави

5.Организирање работилници, едукативни средби, состаноци и презентации за поддршка и поттикнување на развојот на мали и средни претпријатија

6.Едукација на угостители и локално население за можностите за развој на рурален туризам во неколку населени места во општината како: Зовиќ, Градешница, Старавина за економскиот бенефит од негово воведување , постапката за категоризација на објекти за сместување и прием на гости

7. Изградба на објекти – центар за ран детски развој во населени места Добромири , Гермијан , Живојно

8.Издавање под закуп на објекти –сопственост на општината

9.Уредување на корито на порој во с. Гермијан

Приходи за реализација на Програмата:

- Надлежни министерства и Влада на РМ
- Буџет на општина Новаци
- Домашни и меѓународни донатори

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Новаци", а ќе започне да се применува од 01.01.2018 година.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2018 година.

1. Објавувам Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/17
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 84 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на РМ„ бр.17/2011), Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ„ бр38/2011), и чл. 21 став 1 т. 8 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/2002), Советот на Општината Новаци, на седницата одржана на 22-12-2017 год., донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Програма се уредуваат работите што го сочинуваат обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, се определува надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето.

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

Член 2

1). ПОДРАЧЈАТА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
2). ОБЕМОТ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
3). СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА,
4). ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,
5). ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ,
6). ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,
7). УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ,
8). НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА,
9). ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 3

Просторот што ќе се уредува во 2018 година, ќе биде изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Новаци, утврдено со урбанистички планови изработени за населените места.

2. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 4

Уредувањето на градежното земјиште во градежниот реон опфаќа:

1. Подготвување и расчистување на градежното земјиште, и
2. Опремување на градежното земјиште со комунални објхекти и инсталации.

Член 5

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изготвување на урбанистички планови со инфраструктура,
- Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлога и елаборати,
- Изработка на елаборати за експропријација,
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот,
- Отстранување, преместување на постојните комунални објекти, инсталации што сметаат при градбата и користењето на објектот,
- Преселување на станарите и покуќнината,
- Рушење на објектите и пренесување на шутот од урнатите работи до кота на самониклива почва,
- Основни геомеханички испитувања на теренот,
- Асанациони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонии и земја и растенија и други асанациони зафати),
- Програмирање на уредувањето

Член 6

Под поимот израмнување на земјиштето како дел од асанационите работи се сметаат: израмнување на теренот во рамките на општата нивелета и нагибот на теренот со израмнување на сите неравнини кои излегуваат надвор од тие рамки, односно до кога на природната конфигурација на теренот, а не доведување на земјиштето во хоризонтална положба.

Член 7

Под поимот одводнување на земјиштето на како дел од асанационите работи се сметаат, зафаќање и одводнување на површинските води од населбите но не и од самата локација.

3. СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 8

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две групи:

- опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации содржани во основниот урбанистички план од заедничко користење, и
- опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации опфатени со деталните урбанистички планови и од индивидуално користење на објектот.

Член 9

Опремувањето на земјиштето со основни инфраструктурни објекти и инсталации опфаќа:

- основни сообраќајници (магистрални и примарни),
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и др. водоснабдителни објекти,
- колектори за одвод на фекални и атмосферска вода,
- пречистителни станици и
- електрична високонапонска мрежа и трафостаници над 10 КЊ.

Средствата за проектирање и изградба на објектите од овој член се обезбедуваат од надоместокот за употребата на градежното земјиште, стопанските субјекти, самопридонеси, Републички средства и други извори на средства.

Член 10

Степенот на уреденост на градежното земјиште со секундарни инфраструктурни објекти се определува на основа обемот на опременост на земјиштето со објекти и инсталации кои се потребни за задоволување на заедничката и индивидуалната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште од став 1 на овој член може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

Член 11

Основен степен на уредност претставува опременост на земјиштето со непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, електрична мрежа, водоводна мрежа и фекална канализација.

Дополнителна опременост на земјиштето од став 1 на овој член со еден од останатите објекти на комуналната инфраструктура од член 10 на оваа Програма, претставува повисок степен на опременост на земјиштето, а доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен, се утврдува како понизок степен на уреденост.

Член 12

Степенот на уредената на градежното земјиште до границите на градежната парцела се врши според изградеността на следните објекти на комуналната инфраструктура:

- изградба на непречен пристап до градежна парцела од јавен пат,
- изградба на водоводна мрежа,
- изградба на фекална канализација ,
- изградба на топлификациона мрежа,
- изградба на улици, тротоари,паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,

- изградба на атмосферски канализации,
- изградба на улично осветление,
- изградба на гасоводна мрежа,
- изградба на пречистителни станици за отпадни води.

Секој вид објекти од став 1 на овој член претставува еден степен на уреденост на градежното земјиште.

Член 13

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште се утврдуваат согласно **реалните трошоци** направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објекти од член 10 на оваа Програма.

Член 14

Партерното уредување на локацијата според изготвениот проект (пристапите на објектот од улицата до влезовите на објектот, осветлувањето сврзано со објектот како и приклучоците на објектот од приклучните места на секундарната мрежа преку хидротехничките услови, енергетска согласност) затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат сопственост на инвеститорот паѓаат на негов товар.

Претходно изградените инсталации доколку остануваат под објектот, нивната заштита паѓа на товар на инвеститорот, односно корисникот на локацијата.

4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Член 15

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средствата остварени од надоместоците за уредување и други средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето го плаќа пред да добие одобрение за градење.

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште се финансираат подготвителни работи, расчистување и опремување на градежното земјиќте, а во согласност со Програмата.

Програмата за уредување на градежното земјиште во 2018 година ќе се финансира од следните извори:

- приходи од учество на инвеститорите во надоместокот за уредување
  - а) Од деловни и јавни и производни објекти------- 180.000 денари
  - б) Од претходни работи во уредувањето---- 30.000 денари
  - в) Од изградба на станбени објекти---------...140.000 денари
  - г) Од реконструкции и адаптации на објекти ---- 10.000 денари
  - д) Од надомест за улично осветление -----.. 800.000 денари
  - ѓ) Од надомест за израб. на урбанист.планови---40.000 денари
  - е) Од комунална такса за користење на простор пред деловен објект---------..50.000 денари
  - ж) Од комунална такса за користење за истакнување на реклами ----------10.000 денари
  - з) Од комунална такса за користење на музика во јавни локали ----------30.000 денари
  - s)Од комунална такса за поставување на витрини надвор од деловен простор --------10.000 денари

е) Од комунална такса за користење на
плоштади и друг простор ---------- 15.000 денари
- Финансиски средства од републички органи -------685.000 денари
- Финансиски средства од донација од фондации ---- 850.000 денари

Рекапитуларен преглед на приходите

Приход од учество на инвеститорите во
надоместокот за уредување ----------1.315.000 денари
- Финансиски средства од републички органи -----685.000 денари
- Финансиски средства од донација од фондации -------850.000 денари
Вкупно: Приходи ---------- 2.850.00000 денари

5. ВИСИНА И НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 16

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебна пресметка за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот.

Упросечениот надоместок за уредување на градежното земјиште од 1м^2 изградена корисна површина на објектот, во населените места се утврдува во зависност од:

- Висината на градежната цена по 1м^2 станбен односно деловен простор
- Намената на објектот (станбен деловен)

Појдовна големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе се врши по 1м^2 нето корисна површина според важечките технички нормативи, согласно оваа Програма и Правилникот за начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл..весник 38/2011).

Член 17

Дефинирање на поодделните нивоа од објектите без оглед *за* која намена ќе се користат е следна:

Визба: Претставува оној етаж чиј готов под е повеќе од 1,0м вкопан во земјата во однос на околниот терен . Ако теренот е во пад, визба е оној етаж во кој најмалку 2/3 односно 67% од етажот има патос што е вкопан во тлото повеќе од 1,0м.

Сутерен - Претставува оној етаж чиј готов под е вкопан најмногу 1,0м во земјата во однос на околниот терен или уличниот тротоар. Ако теренот е во пад, сутерен е оној етаж во кој најмалку 2/5 односно 20% од етажот има под што е вкопан но најмногу до 1,0м.

Приземје - Претставува првиот кат во зградата над подрумот или сутеренот или над нивото на теренот - ако објектот нема подрум или сутерен.

Спрат - Претставува етажот чиј готов под се наоѓа:

а) во рамнина на околниот терен или уличниот тротоар,

б) на полнетица на околниот терен или уличниот тротоар до вообичаена висина од околу 1,0м.

в) непосредно над визбата без оглед дали визбата е целосно или делумно вкопана во теренот

г) непосредно над сутеренот.

Мерењето на висините од уличниот тротоар се зема во сите оние случаеви кога градежната и регулационата линија се изедначени.

Кат - е секој етаж што се наоѓа над приземјето, а не е кров или рамна проодна односно непроодна тераса.

Поткровје (таван) е простор помеѓу највисоката хоризонтална меѓукатна конструкција и покривот на зградата.Во овој простор е кровната конструкција што го формира таванскиот простор и преку која е поставен покривот на зградата. Освен оваа основна намена поткровјето може да се адаптира или кај новопроектираните објекти да се предвиди за станбена или друга секојдневна намена. Во новопроектираните објекти ако се предвидуваат поткровја за секојдневно постојано користење, ќе се сметаат за кат.

Мезанин (меѓукат) - е оној етаж на приземјето или меѓу било кои два ката кој има смалена катна височина и служи за собирање на технички инсталации, вметнување на погонски елементи за технички инсталации и други потреби во функција на намената на објектот.

Лоѓија- Тараса затворена од три страни,

Член 18

За доградба и надградба на постојните објекти надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 100% од утврдениот износ по 1м^2 корисна површина.

За изградба, реконструкција и доградба на помошни и времени објекти (гаражи, летни кујни, санитарни чворови, шупи, бараки, настрешници и др.) урбана опрема надвор од станбените објекти, инвеститорите ќе плаќаат на име надомест за уредување 30% од надоместокот утврден со Програмата.

Член 19

Не се плаќа надомест за уредување на градежното земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси), до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месната самоуправа, објекти на локалната самоуправа, објекти кои ќе се градат со средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште како и објекти кои се ослободени од плаќање до посебна Одлука на Советот на Општина Новаци.

Член 20

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности, на подрачјето на Општина Новаци, плаќаат за уредување на градежното земјиште, во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што се градат, а се од нивна надлежност, со тоа што комуналните објекти се пренесуваат како основни средства на тие јавни претпријатија („ Електростопанствог - Погон „Електро Битолаг од Битола, Погон „Електро Прилеп од Прилеп, Јавно комунално претпријатие, ПТТ и др.).

Плаќањето од 30% се користи за уредување на градежното земјиште, а се уплаќа на сметката на Буџетот на Општина Новаци.

Член 21

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите сед заинтересирани со местен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, општината ќе учествува до 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации, во зависност од можноста на општината.

Член 22

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на решението за доделување на земјиштето, решението за локација и решението за урбанистичка согласност на проект, издадени од надлежните органи се уредуваат со Договор, склучен помеѓу инвеститорот и градоначалникот на општината.

Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува градоначалникот на општината.

Ако инвеститорот не сака да склучи договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на закон и оваа Програма, по судски пат.

Член 23

Доколку при изградбата инвеститорите отстапуваат од техничката документација, а се здобиле со нова станбена или деловна површина, должни се да платат соодветна разлика. Истата се уредува со Анекс Договор за уредување на градежното земјиште за новоизградената површина, според утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

Член 24

За објектите чиј габарит е содржан во урбанистичкиот план, а е изграден без уредна техничка документација, ќе се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата , а по претходно добиена уредна техничка документација од надлежниот орган, согласно фактичката состојба на објектот.

Член 25

Доколку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци за уредување на локацијата ина соодветниот дел од поширокаата локација, што ќе се регулира со Анекс кон Договорот за уредување на градежното земјиште.

Член 26

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфрастриктура.

Член 27

За изградба на објекти во населените места утврдени со Правилникот, е се плаќа надоместок за финансирање на изработка на урбанистички планови догласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

5.1. Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште

Член 28

Надоместокот ќе се пресметува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверената проектна документација, помножена со следните коефициенти.

1. Станбени објекти

Ред.бр	вид на објектот	коефициент
1.	Стамбени простории	1,0
2.	Стамбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор	0,2
3.	Лоѓија затворена од три страни	0,4
4.	Подлоѓија затворена од 2 страни	0,3
5.	Балкони, тераси	0,2
6.	Заеднички проодни тераси, пасажи	0,2
7.	Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба	0,3
8.	Трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот	0,3
9.	Скалишен простор и заеднички комуникации	0,3
10.	Стражарници, управител, простории за домар	0,5
11.	Паркиралиште и гаражи	0,1
12.		

2. Деловни, јавни објекти

Ред.бр	вид на објектот	коефициент
1.	Простории	1,0
2.	Магацини	0,5
3.	Лоѓија затворена од три страни	0,5
4.	Подлоѓија затворена од 2 страни	0,3
5.	Балкони, тераси	0,4
6.	Отворен наткриен простор	0,3
7.	Помошни простории, остава за гориво, котлара,	0,3
8.	Трафостаница до 35 КВ во објектот и надвор од објектот	0,4
9.	Скалишен простор и заеднички комуникации	0,5
10.	Паркиралиште и гаражи	0,1
11.		

3. Други објекти

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	катна гаража	0,5
2	спортски покриени објекти	0,5
3.	Спортски откриени објекти	0.3
4.	Гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата	1,0
5.	Отворени пазаришта- за 30% од површината на	1.0

	локацијата	
6.	базени	0.2
3	Трафостаници над 35 КВ	1,0

4. **За објектите од група на класи на намена Г-производство, дистрибуција и сервиси:**

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	Г-1 тешка и загадувачка индустрија	0,05
2	Г-2 лесна и незагадувачка индустрија	0,05
3.	Г-3 сервиси	0,05
4.	Г-4 Стоваришта	0,05

5. **За Бензиски пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):**

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	Продажни простории на бензиските пумпни станици	1,0
2	Услужни простории на бензиските пумпни станици	1,0

6. **За објектите од од група на класи и намени Б-5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи А-4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом.**

Ред.бр.	вид на објектот	коефициент
1	Сите простории	0,5

Во корисна површина не се пресметува површината на ѕидовите и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, скали, тремови, ниши на врати, настрешници, базени, отворени тераси, паркиралишта и отворени спортски игралишта.

- **Индивидуални станбени објекти**

Член 29

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на поединечни индивидуални станбени објекти, во населените места во општина Новаци ќе се пресметува по м^2 нето корисна површина пресметана според горенаведените коефициенти и тоа:

Прва зона : Општински центар Новаци - 120,00 ден/м^2
Втора зона : Населени места од 200 - 1000 жители - 60,00 ден/м^2
Трета зона : Населени места од 100 - 200 жители - 60,00 ден/м^2
Четврта зона : Населени места под 100 жители -60.00 ден м2

За вклопување на бесправно изградените објекти до 31.12.2007 година ќе им се засметуваат комуналии во висина од 70% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште.

- **Деловни објекти**

Член 30

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на поединечни индивидуални деловни објекти, во населените места во општина Новаци ќе се пресметува по $м^2$ нето корисна површина пресметана според горенаведените коефициенти и тоа:

Прва зона : Општински центар Новаци 300,00 ден/$м^2$
Втора зона : Населени места од 200 - 1000 жители - 250,00 ден/$м^2$
Трета зона : Населени места од 100 - 200 жители - 250,00 ден/$м^2$
Четврта зона : Населени места под 100 жители - 180.00 ден /м2
Индустриски и работни зони . . . . . 300,00 ден /м2

За вклопување на бесправно изградените деловни објекти ќе им се засметуваат комуналии во висина од 70 % од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште.

5.2. Надоместок за претходни работи во уредувањето

Член 31

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електро-мрежа, ПТТ мрежа и други видови објекти и инсталации на кои не се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

До 100.000 ден ----------. 1,5% но не помалку од 1.000 ден.
Од 100.000 до 500.000 ден.----------,7% но не помалку од 1.500 ден.
Од 500.000 до 1.000.000 ден. -------.0,6% но не помалку од 3.500 ден.
Од 1.000.000 до 5.000.000 ден. ..0,4% но не помалку од 6.000 ден.
Над 5.000.000 ден. ----------0,3% но не помалку од 20.000 ден.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации и сл. работи, на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште, ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи., но не помалку од 1.500 денари.

Од обврска за плаќање на надоместок за претходни работи во комуналното уредување, ослободени се инвеститори на објекти кои се градат со средства на солидарност, самопридонеси, објекти кои се градат од средствата за уредување на градежното земјиште, објекти кои се градат со средства од странска помош и сите категории на објекти кои со закон се ослободуваат од плаќање надоместок за уредување на градежното земјиште.

Средствата што ќе ги плаќаат инвеститорите се пресметуваат врз основа на соодветни пресметки што ќе ги прави Одделението за комунални работи на Општината Новаци, а се плаќаат на сметка на Буџетот на Општина Новаци.

Уплаќањето на средствата се врши пред издавање на одобрение за градба.

5.3. Надоместок од објекти надвор од градежниот реон

Член 32

Инвеститорите на јавни деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи, полски куќи и сл. кои се градат на територијата на Општина Новаци, надвор од населените места, подлежат на плаќање надоместок за уредување на земјиштето во висина од средствата за подготвителни работи во уредувањето на земјиштето, како и опремување на земјиштето со објекти и инсталации од заедничко користење односно уредување на просторот.

Овој надоместок се определува во висина од 30% од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште. Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиќте на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

Член 33

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се наплатува по зони, во зависност од местоположбата на објектот и тоа:

Прва зона : Општинскиот центар Новаци .
Втора зона : Населени места од 200 - 1000 жители.
Трета зона : Населени места од 100 - 200 жители.
Четврта зона : Населени места под 100 жители.

5.4. Општи услови во уредувањето

Член 34

При изградба на нови објекти, за кои претходно трба да се порушат стари објекти, од површината која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива површината на постојниот објект, со што минималното учество во надоместокот за уредување, неможе да биде помало од 5о% од износот утврден со Програмата.

Во случај кога новиот објект зафаќа површина помалку од 50% од стариот објект се одбива само површината што ја зафаќа новиот објект, а остатокот по порушувањето на стариот објект.

Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кои се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за порушување, пресметката за надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после порушување на стариот објект во рок од 2 години.

Просториите со нето висина до 2,5м се однесуваат само на просториите во поткровје, а за површината на просторот во поткровје каде висината е 2,5 м и поголема се пресметува до коефициент 1,0.

Член 35

На инвеститорите кои платиле трошоци за комунално уредување на градежна парцела не им се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ако отстапиле од издадената урбанистичка согласност, а за кое отстапување може да им се издаде дополнителна техничка документација, а истото не поголемо од 10%.

Инвеститорите на објектите доколку бараат да добијат ново решение за услови на градба, доградба и надградба со кое инвеститорот се здобива со нов станбен или деловен простор, плаќаат надоместок за уредување на градежното земјиште согласно Програмата.

5.5. Начин на наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Член 36

Наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште може да се врши одеднаш или на рати, ако износот преминува 15.000,00 денари, со тоа што 50% од пресметаниот износ се плаќа пред склучување на Договорот, а останатите 50% на три еднакви месечни рати за кои треба да се достави соодветно покритие (граѓански чекови, банкарска гаранција).

Доколку не се плати надоместокот за уредување на градежното земјиште во рок утврден со Договорот, надлежен е Основниот суд во Битола, во кој случај се пресметува и законска камата.

Поблиските услови за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе бидат регулиранио со Договор.

6. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Член 37

Уредувањето на градежното земјиште претставува еден континуиран процес кој се овива со години и создава можности и простор за иден развој на општината. Во тој контекст на повеќе годишно, односно повеќе фазно уредување на градежното земјиште се решаваат целосно потребите од уредување и опремување на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура.

Од причини што финансирањето на Програмата се врши од познати и непознати извори и инвеститори, динамиката на извршувањето на Програмата, односно на работите од уредувањето на градежното земјиште, ќе зависат од повеќе фактори:

- Приливот на средствата од надоместокот за уредување и надоместокот за употреба на градежното земјиште,
- Навремено изготвување на урбанистичко-техничката документација,
- Навремено распишување на конкурси и лицитации,
- Изборот на изведувачите за изградба на планираните инфраструктурни објекти со оваа Програма да се врши согласно Законот за Јавни набавки.

Сите субјекти што согласно важечката законска регулатива се посре дни и непосредни учесници во уредувањето на градежното земјиште, во рамките на своите надлежности треба да дадат максимален придонес за успешна реализација на оваа зацртана Програма.

7. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ

Член 38

Во оваа глава се уредуваат работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина Новаци.

Изградбата на сите видови објекти се врши на уредено градежно земјиште.

Под уредено градежно земјиште од став 1 на овој член се смета земјиштето на кое се решени имотно-правните односи, обезбедено е со комунална инфраструктура и тоа: улици, јавно осветление, електрична мрежа, паркинзи, јавно зеленило.

Објектите од став 1 на овој член можат да се градат и на земјиште што не е уредено. Во тој случај, корисникот е должен во договор со субјектот надлежен за уредување на градежното земјиште да го уреди истото.

Уредувањето на градежното земјиште на подрачјето на Општина Новаци се врши врз основа на Програмата, што ја донесува Советот на Општина Новаци, во согласност со постојните урбанистички планови за наделените места.

Член 39

За реконструкција на спрат се плаќа 30% од надоместокот доколку не се промени габаритот на спратот.

-Под реконструкција на постоен објект се подразбира изведување на работи на постојната градба со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот, според кои е изградена, со изведување на доградба, надградба, менување на фасада, изведување на работи за пренамена на дел од градбата, промена на технолошки шроцес, санација на кондтруктивни елементи и слично.

-Под адаптација на постоен објект се подразбира изведување на градежни работи во внатрешноста на постојната градба со што не се менуваат конструктивните елементи на градбата.

За надоместокот од претходните инвестициони работи се склучува Договор.

Член 40

Износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се плаќа сразмерно на вкупните трошоци за уредување на поголеми комплекси на градежното земјиште, земајќи ја во предвид наменатa, положбата и други посебни својства (упросечени трошоци) утврдени со Програмата.

Доколку вкупниот пресметан надоместок за користената локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот се плаќа по стварно направените трошоци за уредување на локацијата.

Работите на уредувањето на градежното земјиште ги врши субјектот на кого ќе му бидат доверени истите.

8. НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Член 41

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште,
се склучува договор за надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општина Новаци од друга страна, на заверена техничка сокументација и доставени согласности.

За објектите градени без регуларна документација, надоместокот за уредување на градежно земјиште од сопственикот ќе се наплатува само доколку објектот се вклопува во урбанистичките планови и за истиот се добие решение за локациски услови и заверен основен проект.

Член 42

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема

донесено ДУП и не е целосно изградена секундарната инфраструктура, а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја изгради истата согласно оверена техничка документација, должен е на локалната самоуправа за изградена основна мрежа да и надокнади трошок во висина од 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата, и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест. Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам, треба да биде технички примена одсоодветното комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

Член 43

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка потрошувачка, што корисникот ги изведил или ги изведува самоиницијативно без учество на општината, а пред склучување на писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација, оверена од надлежен орган, и изградени инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградената инфраструктурана мрежа од индивидуалната комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа, за да се овозможи приклучување на нови и идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници да и надоместат на локалната самоуправа целосен надомест за уредувањето на градежното земјиште.

9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 44

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за усвојување на Годишна Програма за професионален и кариерен развој на наставниците,стручните соработници и директорот 2017/2018 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Годишна Програма за професионален и кариерен развој на наставниците,стручните соработници и директорот 2017/2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/18
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 22.12.2017 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за усвојување на Годишна Програма за професионален и кариерен развој на наставниците,стручните соработници и директорот 2017/2018 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишна Програма за професионален и кариерен развој на наставниците,стручните соработници и директорот 2017/2018 година

Член 2

Составен дел на оваа Одлука еГодишна Програма за професионален и кариерен развој на наставниците,стручните соработници и директорот 2017/2018 година, бр.3-566/1 од 21.12.2017 година(наш број 15-888/2 од 21.12.2017 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-876/21
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2017 година

1. Објавувам Одлука за одобрување средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2017 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци,одржана на 22.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-902/19
27.12.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 46, а во врска со член 21од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02),согласно член 86 став 1 и 2 од Изборниот законик„Службен весник на РМ„Бр.54 од 2011 година, Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 22-12-2017 година донесе

ОДЛУКА

за одобрување средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2017 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2017 година(15 денари по добиен глас):

1.за избрани членови на совет и избран градоначалник,

2.за не избрани кандидат за член на совет односно кандидат за градоначалник ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани во општината

Член 2

Сретствата ќе се исплатат од Буџетот на општина Новаци, со посебно решение од градоначалникот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-876/22
22.12.2017год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука одобрување на финансиски средства на Здружение за културен и земјоделски развој „Егри„-с.Средно Егри-Битола

